СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седмото продолжение на Седумдесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јуни 1994 година

Скопје, јуни 1994 година

**7 (СЕДМО ) ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 74-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНО НА 8 ЈУНИ 1994 год.**

Днев.ред: Аманлдманска расправа по Предлог на З.за избор и отповикување на пратеници и одборници. Т.2

ДИСКУТАНТИ:

1 . АНДОВ СТОЈАН - 1..., 30..

2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 19, 21, 22, 23

3. ГОШЕВ ТУШЕ - 7,11,14,15,16,17,24,26,27,31,35,36,39,40,41,42,44,47,49, 50,51,55,57,59,6о0,61,63.

4. ЃОРЃИЕВСКИ ПЕТАР - 13

5. КИРОВ ТАШКО - 24, 25

6. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 41

7. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 49

8. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 62

9. ПОПОВСКИ КИРО - 27 (води седн.)

10. ПЕТРОВ ТОДОР - 7, 9, 11, 14, 16, 17, 27, 28, 42, 44, 52, 53, 55, 65

11. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 29, 59

12. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 1, 3, 51

13. СТОЈКОВ СТИОЛЕ - 31, 37, 44, 47, 57, 63.

14. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 4,5.

- седницата продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седмото продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јуни 1994 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 14,35 часот.

На седницата претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Цветан Јовчевски, Симон Наумовски, Благоја Чкатроски, Зоран Крстевски, Димитар Димитровски, Страшо Милковски и Димитар Поповски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Претресот по амандманот е заклучен и сега треба да гласаме, Молам, минуваме на гласање.

Се извинувам за збор се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, се јавувам да го кажам својот став зошто ќе гласам за предложениот амандман од господинот Петров.

Дојде време сами со себе да поразговараме за времето кога го носевме Уставот. Двата термина, неспоивост и неизбирливост и

И тогаш станале предмет на расправање без да се знае точната содржина. Господинот Фрчковски и тогаш кажал ако е прашање што значи тој збор, јас немам одговор за него. Така ќе биде и ќе го решиме тоа со законот. Сега дојде време да го решаваме со закон и велиме дека е решено со Устав. Да кажам една работа.

Со Уставот утврдивме дека, член 10, "Во Република Македонија не може да се изрече смртна казна по ниту еден основ". Тоа е уставно решение, не може во казнениот закон да се пропише дека не се изрекува смртна пресуда како казна. Исто и ова овде треба да се сфати така. За одредени функции кои се децидно кажани во Уставот дека не можат да ги вршат, не се спoиви,да вршат и функцијата и пратеник значи решено е во Уставот. Што не е решено ќе се реши со Законот. За судии е решено. За јавниот обвинител е решено, за правобранителот е решено. Во тие случаи нема потреба да се надоградува законот. Останува само за другите функции кои се вршат во јавните служби, јавните функции и професии. Ние мораме овде тоа да го разграничиме. И правилно е предлогот на Петров да се прифати.

Господа, ако сами не го почитуваме Уставот, пак ќе повторам, не можеме да бараме од друг. Сега на нас ни одговара да бидеме во ситуација повеќе функции да извршуваме. Ни прави задоволство, меѓутоа носиме закон државата да има цврстина, да се знае што ќе биде и да направиме една разлика. Во моментот за секој ова место е достапно. Моментот за разграничување е откако ќе биде верифициран мандатот на пратеникот. Дали ќе го прифати или не, а не после тоа. Така треба да се сфати член 63 претпоследниот став. А, не да мислиме мене ќе ме изберат сега за пратеник па од мене ќе зависи дали ќе си ја вршам и оваа функција и други функции, дали ќе се распоредувам за време на мандатот на ова место, на тоа, и на кој знае кое. Цврстината на Уставот е да може човек да учествува во избор на секое место до изборот. Со

изборот ќе врши една функција. Примерот на Вотергејт, тогаш претседателот на Америка има своја адвокатска компанија со 109 адвокати. Тој не беше претседател на својата компанија Тој не зеде адвокат од својата компанија. Зеде адвокат за тој случај од друга адвокатска компанија, затоа што му се вели не му е споиво со вршеше на функцијата претседател со функцијата што ја имал како адвокат. Ние, сакаме овде да правиме, се да задржиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поминаа пет минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Поминале петте минути претседателе, само да не поминат петте века е лошо. Затоа ве молам, сега решаваме по овој устав што го донесовме, д се држиме за словото на Уставот.

Доградбата што ја спомена колегата вчера дека со член 4 односно 5 се надоградува, таму каде што е решено со уставот, законот не треба да го решава.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Јас исто така ќе го поддржам овој амандман и сакам да кажам зошто ќе го поддржам.

Убеден сум дека најголем дел, да не речам сите, условно, овде во оваа сала се убедени дека на Република Македонија и се потребни професионалци за вршење на пратеничката функција. Меѓутоа, мислам дека со ова решение што е понудено од страна на Владата целта е на некој начин практично да се суспендира улогата на Парламентот и да и се овозможи на Владата да биде практично некој неприкосновен политички субјект. Зошто, сакале или не ние со тоа што

непрофесионално, непрофесионалци би ја вршеле оваа улога, значењето и обврската на пратеникот е намалена како таква. Мислам дека на овој начин ќе се овозможи уште еден нов друг процес. Можеби зборот ќе биде потежок меѓутоа, јас морам овој пат да го кажам, ќе се овозможи повторно да се поврати стариот делегатски систем каде што во законодавната власт ќе бидат присутни делегати,а нема да бидат присутни пратеници односно обнова на неототилатиризмот што беше порано.

На крај да заклучам, мислам дека некои луѓе ќе си овозможат политички имунитет за да ги обавуваат своите бизниси односно можеби и некои присутни криминали што се присутни денес во Република Македонија.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Доста слушав за овие два дена од сите излагачи кој зошто го поддржува, зошто не го поддржува амандманот за професионализам. Слушав овде образложенија како треба да се вратат фирмите кога ќе влеземе во Парламентот, не е присутен господинот Љупчо Георгиевски, не сакам да прашувам, сигурно ќе имам прилика кога ќе се состанеме во овој Парламент, бидејќи праша на кого да ја вратам фирмата како приватња,к стварно не знам. Да беше државна ќе ја дадев во Агенцијата и се ќе беше во ред, а како приватњак стварно се чувствувам дека сум сопственик, власник на таа фирма и затоа ќе причекам на кого да ја вратиме.

Што се однесува за амандманот за професионалното ангажирање на пратениците се слушнаа разни дискусии и теории....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Треба да објасните како ќе гласате и зошто. За другите теории друг пат.

I/5

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Господине претседателе, сакам да објаснам со едно мало образложение како ќе гласам. Ќе се изјаснам на крајот за тоа како ќе гласам, а пред тоа сакам да образложам бидејќи бев прозван а не ги знам терковите овде како се со реплики, па можеби закаснив. Затоа ќе ми опростат колегите од Парламентот за ваквото однесување бидејќи е прав пат и мислам дека ќе најдам разбирање меѓу пратениците да ми опростат.

Овде слушнавме многу разни теории за разни западни парламенти како се организирани, како функционираат. Сето тоа сите го сослушаа и јавноста и ние како пратеници. Секој има право на свое мислење и истото да го брани на начин и со аргументи за кои смета дека се убедливи за да ги прифати мнозинството. Затоа и јад имам свои аргументи. Во принцип јас не сум против професионализмот и тоа не само во Парламентот туку во целост во државата. При ова имам една своја теорија дека има разлика меѓу многу говорници овде. Јас правам разлика меѓу професионализамки работен однос. Впрочем секој од нас е во работен однос во некоја институција, фирма и слично. Но, прашање е кој колку се однесува професионално на своето работно место и кој колку ги извршува професионално своите обврски.

Впрочем нашето општество е богато со такви искуства. А и не мора примерите за непрофесионализмот кон обврските да ги бараме надвор од оваа сала, во фирмите и во претпријатијата и кај директорите. На говорниците и бранителите на овој амаднман, пред се од најбројната опозициона партија тоа најдобро го знаат бидејќи имаат најмногу свои пратеници во работен однос во Собранието. Сметам дека можат да го оценат нивниот професионален однос кон функцијата што избирачите им ја довериле.

Значи, обезбедувањето работен однос во законодавниот дом не е никаква гаранција дека ќе имаме професионален однос кон пратеничката функција. Проблемот сепак е во самата личност кога ќе се најде во позицијата избирачите да ја вработат во Собранието. Значи, не го гледам проблемот само во тоа дека е овде, туку треба да изберат самите партии свои претставници кои што професионално ќе се однесуваат.

Мислам дека клучот на одговорноста за избор на вистинскиот професионалец во Парламентот, кој не мора да биде во работен однос со него го имаат партиите. Доколку тие одберат вистински кандидат за пратеник не ќе имаат проблем со професионализмот. Затоа сосема е во ред определбата на пратеникот да му се даде слобода да избира дали ќе биде во Собранието вработен или во работната организација. Ограничувањето на ваквата слобода може да не доведе во ситуација многу квалитетни кадри да не сакаат да се кандидираат за пратеници а тоа би било на општа штета на државата. Тогаш нема да имаме професионален увид во самата работа (здравство, стопанство и друго не би знаел јас самиот да дадам одговор како ќе изгледа оној пратеник кој што треба да креира стопанство во државата а тој доаѓа од бирото за вработување и кој ќе биде неговиот став и однос спрема надворешните институции.

На крајот збор два за политиката како професија. Моето скромно искуство говори дека политиката како професија не ја практикуваат милиони луѓе. За неа се определуваат само еден мал број од луѓе, малкумина кои сакаат. Ако ние сакаме да создадеме професионални политичари или парламентарци тогаш треба да одбереме 120 или 140 пратеника, да им овозможиме сите услови кои ги наведоа претходните дискутанти, кабинети, услови се, и тогаш можеме да бараме професионален однос односно одговорност на тие пратеници. Тогаш

сметам дека ќе созреат условите за професионално однесување. На крајот се изјаснувам против амандманот затоа што сметам дека во овој Парламент ги нема максималните услови за професионализам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа одиме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (25 пратеника)

25 пратеника гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за додавање нов став по ставот 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нов став по ставот 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДВО:**

Молам, дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 5 од Предлогот на законот, во членот 4 кој се менува предлагам со амандманот по ставот 2 да се додаде нов став 3 кој гласи: "Функцијата пратеник е неспоива со друга функција1.1 Ставот 3 станува став 4.

За разлика од вчерашниот претрес од претходниот амандман ќе изнесам неколку дополнителни аргументи зошто пратеничката функција треба да се извршува професионално.

Ако ме служи добро памтењето, ова Собрание кога го носеше. текстот на Уставот, формулацијата во членот 63 став 5 таква каква што е

ја прифати од следните причини. Ако се прифатеше директно формулација во Уставот со неговото прогласување, која би гласела дека пратеничката функција е неспоива со вршење на други јавни функции или професии, Парламентот требаше во истиот момент со прогласувањето на Уставот и да се распушти заради тоа што 50% од пратеничкиот состав не беа професионалци, односно не ги остваруваат правата и обврските од работен однос во Собранието. Од тие причини Собранието -во претходните фази утврдувајќи став дека пратеничката функција треба целосно да се професионализира утврди формулација на ставот 5 од членот 63 која гласи дека со закон се утврдува неспсивоста и неизбирливоста на функцијата пратеник на Собранието со вршење на други јавни функции или професии за да едноставно не се доведе Собранието во постојниот пратенички состав" во незавидна положба.

Впрочем, и во уставниот закон за спроведување на Уставот член 10 став 1 сосема децидно е кажано дека пратениците во постојниот состав ја продолжуваат пратеничката функција со правата и обврските утврдени во Уставот ан Република Македонија, токму да се надмине можноста на одбегнување направата и обврските на пратениците во овој состав кои беа избрани според услови утврдени во претходниот устав и во постојниот закон, што се разликуваат од Уставот на Република Македонија од 17 ноември 1991 година и условите кои што се предлагаат за избор на пратеници во текстот на Уставот и новиот закон.

Би кажал само неколку нелогичности кои ќе произлезат доколку не се прифати првобитното решение што го понуди Владата во фазата на Предлогот за донесување на закон за избор на пратеници во првата фаза. На пример, вработен во стручната служба на Собрание на Република Македонија.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Стручната служба на Собранието на република Македонија не е орган на државна власт. Формулацијата од став 1 на членот 4 не може да се однесува за овие лица кои би сакале и евентуално би се кандидирале и би биле избрани за пратеници.

Старешнина односно наредбодател во оваа законодавна куќа во Собранието е претседателот на Собранието. Доаѓаме во позиција вработен, чистачка или било кој друг на било кое друго работно место во Стручна- та служба да го има за претпоставен наредбодател претседателот на Собранието, а истовремено да биде и пратеник во Собранието. Пратеник на пратеник не може да му издава наредби , да му биде наредбодател. Меѓутоа, ако се прифати формулацијата без можноста , правата и обврски- те од работен однос да им мируваат на вработените, ќе се доведеме во една таква апсурдна ситуација.

Понатаму, со законот за здравствено осигурување министрите ги именуваат директорите на медицинските центри и болници. Колку пратеници се директори на болници? Зарем не доаѓаат во зависност министерот да ги именува за директори, од една страна, оној што те именува пред него да одговараш значи директорот да одговара пред министерот за здравство, а исто време по Устав да му врши контролна функција според ингеренциите и надлежностите на Уставот на РМ, бидејќи Собранието ја врши контролата на извршната власт и утврдува одговорности.

Законот за образование сега е во постапка. Министерот за образование ги именува директорите на образовните установи, а тие ги именуваат наставниците. Што се случува сега? Министерот за образование ќе именува пратеник, евентуално ако е избран за директор на определено  училиште, основно,средно. Директорот одговара пред

министерот, а како пратеник министерот одговара пред пратеникот. На тој начин сметам дека се доаѓа до едни апсурдни ситуации од применат ана вакво решение што го нуди Владата спротивно од првобитното решение.

Понатаму директор од некоја фирма или претпријатие, штом доаѓа во Собранието како директор тој преку законската регулатива директно лобира за интересите на тоа претпријатие. Јас ќе споменам само еден пример. Зошто ова Собрание не го носи законот за геолошки истражувања и за рударство. Затоа што во тој закон треба да се утврди концесија, плаќање на рента. Зошто законот се наоѓа заклучен во бирото на министерот за стопанство.

Се случува претпријатието кое за директор го има пратеник во Собранието, евентуално од позиција на пратеник да го стопира донесувањето на законот. Зошто? Затоа што ако се ускрати правото да може без пари, како што е сега, да се експлоатира рудата, без никаква концесија, рента на државата, не ќе може да остварува профити со кои како неоданочен профит, не платена рента на оваа држава в' ги откупува сите стечајни претпријатија во државата.

Понатаму да земеме наставник. Наставникот треба да биде на седница на парламентот. Што треба да им каже на учениците? Седете си Вие ќе го одложиме предавањето аз наредниот ден. Ќе го одложи предавањето трпи наставата, и учениците и студентите. Понатаму здравство. Доктор треба да оперира. Секоја чест за пациентите, меѓутоа што би се случило. Ние треба докторот да го чекаме да ја заврши операцијата за да дојде да го пополни потребниот кворум. Се доведуваме во многу апсурдни ситуации. Исто така и во Законот аз социјална заштита. Министерот за социјална политика ги именува директорите во социјалните установи, а тие може да бидат пратеници во

ова Собрание. Истата аналогија како и за здравство и за образование.

Од сите овие причини што дополнително ги наведов во образложението за прифаќање на овој амандман сметам дека даваат добра основа Собранието да го прифати предложениот амандман со кој ќе се утврди дека функцијата пратеник е неспоива со друга професија. Сметам дека пратениците тоа треба да го прифатат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (24)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за додаваше нов став по ставот 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додаваше 2 нови става,"" поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не ги прифаќа амандманите.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 5 предлагам по ставот 3 да се додадат 2 нови става кои гласат: "функцијата пратеник е неспоива со член на управен одбор на банката, претпријатие или друго правно лице чии основач не е Република Македонија, како и со член на управен одбор на јавно

претпријатие или установа и друго правно лице чии основач е Република Македонија, ако членовите на управните одбори ги именува Владата на Република Македонија. Со денот на верификацијата на мандатот на пратеникот му престанува членството во управен одбор од ставот 4 на овој член".

Зошто го предлагам овој амандман? Го предлагам токму заради тоа што сегашниот пратенички состав, а и за во иднина доколку не би се регулирало има законска претпоставка да ја злоупотребува својата пратеничка функција. Се случува во оваа фаза на транзиција и трансформација на претпријатијата и банките од општествена сопственост, во акционерски друштва да именуваат членови на управни одбори пратеници, им исплаќаат соодветни надоместоци. Меѓутоа иако тоа се оданочува според Законот за персонален данок тоа тие претпријатија и банки го прават за да создадат сопствено лоби во овој Парламент. На тој начин пратеникот ги штити интересите на банките и претпријатијата во општествена сопственост, во трансформација кои ги именувале одделни пратеници како членови на нивните управни одбори за во законската регулатива да се зацврстат одделни позиции во дадена област и по одделни прашања за тие стопански субјекти.

Исто така дискутабилно е, а и реално е парламентот да добие една информација колку само пратеници од постојниот пратенички состав се членови на управните одбори на агенции, на управни одбори на јавни претпријатија чии основач е државата, а кои што ги именува Владата, учествуваат во остварувањето на управувачката функција во разни агенции кои што ги основаше со закон ова Собрание: Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествена сопственост, Агенцијата за трансформација на банките и други слични такви агенции. Затоа за да се спречи таквата злоупотреба на пратеничката функција, затоа што до колку не би биле пратеници тие лица сигурно воопшто не

би се нашле на листите на тие управни одбори, токму заради нивната професионалниот. Сметам дека е оправдано и издржано Собранието да ја прифати формулацијата според која функцијата пратеник ќе биде неспоива со член на управен одбор, на банка, претпријатие или друго правно лице чии основач не е Република Македонија. Тоа се однесува за претпријатијата кои се транс- формираат како акционерски друштва, а се во општествена сопственост, како и со функцијата член на управен одбор на јавно претпријатие или установа и друго правно лице чии основач е Републиката, ако членовите на управните одбори ги именува Владата на Република Македонија. На тој начин со денот на донесувањето на овој закон на сите овие лица функцијата членство во управните одбори на овие стопански субјекти еднаш би требало да престанат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ПЕТАР ГОРГИЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, доколку поопстојно се погледне во членот 5, членот 4 што се менува во првиот став, в" се утврди дека предложениот амандман од господинот Тодор Петров е во функција на појаснување само на член 1 односно став 1 од членот 5 затоа што ги прецизира условите во кои не може да биде пратеник односно да се извршува функцијата член на управен одбор во институциите за кои Владата се изјаснува или именува. Бидејќи во последниот став во членот 4 стои јасно, после јавен обвинител дека носители на функции кои ги избира или ги именува Собранието или Владата на Република Македонија како и вработените во органите на државната власт се баш за оние за кои и во амандманот се прецизира

II/6.-

кои се тие носители кои ги именува Владата. Оттука сметам дека амандманот треба да се при- фати и во примена на самиот закон да биде прецизирана одредбата кои се тие носители на функциите кои ги именува Владата, а воедно не можат да ја извршуваат и функцијата пратеник. Со тоа сметам дека би требало да го подржиме овој амандман и ова појаснување да биде во функција на спроведување на самиот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

До колку е содржано не треба амандман.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Еве да го прочитам членот 4: "функцијата пратеник е не споива со функцијата претседател на Република Македонија, претседател на Владата на Република Македонија, министер, судија на Уставен суд, Народен правобранител, судија, јавен обвинител и други носители на функции кои ги избира или именува Собранието и Владата на Република Македонија. Тоа значи само обична позитивна нумерација, можеме да направиме грешка Веќе е содржано и би било само обично повторување. Значи нема потреба од овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа дали господинот Петров го повлекува амандманот, бидејќи од Владата е објаснето дека тоа е содржано во решението кое е дадено од Владата.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со амандманот е проширена содржината на ставот 1 во смисла на членство на пратеник во управен одбор на банка, претпријатие или друго правно лице чии основач не е Република Македонија, токму од причини да се одбегне можноста одделни пратеници да бидат бирани во управните одбори на претпријатијата во општествена сопственост кои се

трансформираат за да остваруваат дополнителни приходи и директно да влијаат на решенијата во законите за уредување на односи кои директно одговараат на овие банки, претпријатија или други правни лица во општествена сопственост кои се трансформираат. Службата може да направи еден таков список да се види колку пратеници се наоѓаат на такви истурени позиции и не заради тоа што се можеби премногу професионални во областа за кои се бираат или именуваат, туку за да се создаде едно лобистичко влијание на тие правни субјекти во највисокиот законодавен дом.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Да кажам и тоа дека ние сите бевме сведоци кога го менувавме членот 124 од Законот за претпријатијата и рековме дека Владата дефакто ги именува сите директори и сите управни одбори заедно со членовите на колективот кој еден дел и тие именуваат во управните одбори Оттука сметам дека сепак прашањето е решено и нема потреба од тоа. Додека за приватните банки и за приватните организации тука не смееме да ги ограничиме затоа што тука ве има друга регулатива во ограничувањето на правото на сопственост и располагање со имотот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој, бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за додавање 2 нови става поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи првите амандмани не беа прифатени, сега веќе нема основ да се брише тој член и предлагам амандманот да се одбие.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот не нуди никаква содржинска промена на текстот на Предлогот на законот, туку е чисто од редакциска природа. Нека министерот го прочита подобро и да го прифати заради тоа што на ЗПК се при фати содржината на членот 6 да влезе како составен дел на членот 5. За да нема повторувања членот 6 би требало да се избрише. Има претседател на комисијата и членови, нека станат и нека кажат.

Членот 6 како што е во Предлогот на законот гласи: "одредби те од член 5 на овој закон соодветно се применуваат и на одборниците" Членот 5 е од предлогот на законот, а не од основниот текст на законот. Со членот 5 се менува членот 4 кој регулира неспоивост на функцијата пратеник со одредени јавни функции . Нека министерот размисли и нека каже.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали, уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

II/9.-

Господинот Петров има процедурална интервенција.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Независно од исходот на гласањето еве го извештајот на ЗПК на Собранието од седницата од 5 април 1994 година кој вели. По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи: "одредбите на ставовите 1,2 и 3 на овој член соодветно се применуваат и на одборниците"

Стручната служба заборави да го избрише членот 6 кој стана став 4 во членот. 5. Затоа сметам дека во Собранието тоа треба да се исправи односно самиот министер тоа да го констатира за да не ја доведе во заблуда службата која би требало да го подготви пречистениот текст на законот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Во завршните одредби на законот е кажано дека ЗПК ќе направи пречистен текст. Мислам дека сега такви редакциски амандмани не треба да ги прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова се деловнички интервенции. Господинот Петров ни обрати внимание дека претставникот на Владата веќе прифатил во ЗПК и тоа може да Ви биде основа да го решите и понатаму да не одиме во расправа.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 6, 11 и 12 поднесени од пратеникот Драги Арсов.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве господинот Арсов вели дека го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 7-а и 7-б поднесен од пратеникот Митко Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

III/1.-СЈ-ВБ

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не ги прифаќа амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Збор бара господин Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

По членот 7 додаваме уште два нови членови 7-а и 7-6. Зошто тоа го правам ќе видите. Господинот министер не даде образложение зошто се отфрлуваат овие амандмани, овие членови, меѓутоа има значење. Видете, во што е значењето, значењето на членовите. Има две големи значења во тоа што досега беше пракса секој може да биде пратеник без да даде некоја свечена изјава пред јавноста односно пред Собранието како највисока инстанца на државата.

Јас во амандманот, во членот 7-а прво, секој пратеник, велам, после верификацијата на пратеничкиот мандат треба да даде свечена изјава дека се откажува од секаков реваншизам. (реакција на пратениците во салата) Ако ме слушате и така никој не слуша, слушајте,ако не слушате значи не ве интересира, не ве интересира и државата. Зошто еднаш јас реков, ајде пак ќе ви напомнам зошто јас многу работи сум рекол во прилог на тоа, од ова место, ама вие не сакате да слушате, подобро слушате кога велиме стаивме темел, утрото а не сакам да именувам човек одите извадите два камења за да падне тој темел, за да се растури, значи растураме.

Кога се дава некоја паметна работа ние не сакаме да ја слушаме, а што станува кога не ја слушаме. Во овие три години ние доста пати се испукавме еден со друг. Внимавајте сега, значи, кај нас политички и човечки, и политичките и меѓучовечките односи не беа на ниво на кое требаше да бидат. Сега, што крие секој во душата внатре не може, треба

да бидеш господ. па да му влезеш внатре во душата. Кај некои тоа се чита многу убаво, кај некои не можеш да го прочиташ. Некои кога влегоа тука имаа рокчиња, се гледаа со рокчињата, подоцна лека полека рокчињата растеа и некои веќе има и опавчиња. Значи, затоа, сметам дека за да не се случуваат и понатаму слични работи, со тоа и како луѓе го губиме реномето и како партија го губиме реномето пред народот кој не избра, така, и со тоа настануваат овие работи кои настануваа досега во Парламентот. Јас не знам што ние направивме, јас ве уверувам и крајно сум убеден дека освен од тоа што ја направивме државата таква каква што е ништо понатаму не сме направиле. Не донесовме никаков закон врз кој ќе го штитиме Уставот и државата.

Од тие причини тешко на тој човек кој му мисли нека си одат тие што имаат рокчиња ќе си одат и верувам дека никогаш нема да влезат тука. Јас сум крајно убеден во тоа. Добриот човек не мрзи човека, може партиски да не се согласува, ама меѓучовечките односи никогаш нема да ги пореметии. Тешко тој човек кој влегол во овој Парламент и внатре во себеси крие реваншизам. Јас ќе ви кажам една ситна работа, тоа важи за сите овие денови имав прилика да одам во една куќа, имаше една расправија, беа три-четири полицајци на тоа место, внимавајте, јас сум искрен, отворен и нема да сокријам ништо дури да си одам. Едно од полицајчињата му вика на едно друго дете ќе му заврши мандатот а потоа ќе го видиме. Јас тоа го дочекав од едно полицајче да префрли таква работа и такво нешто и си помислив вака, не му кажав ништо, но реков вака, ова дете, тешко на неговиот брат и на татко му. Тој би го отепал таткото и братот . Тоа е садизмот кај луѓето. Не сакам да верувам дека меѓу нас има такви луѓе затоа што сме ние законодавци. Јас верувајте сум нервозен, меѓутоа одејќи од тука дома, најискрен сум во тоа, ма којзнае колку да ме нервира човек тоа од тука го оставам овде, дома си одам и не мислам на никого лошо. Затоа сакам единство и кога

III/3.-

бев болен ви обрнав големо внимание да бидеме единствени, да ја штитиме државата и да ги правиме законите како што треба. Мислата не ја завршив а сега велам вака, не сакам да ја обвинам цела полиција, внимавајте таму беа четворица а само еден тоа го кажа, другите не кажаа ништо, но доста е по еден да има во полициската станица и да му паднеш во рацете и сега веднаш го враќам филмот назад, и тогаш не беа сите лоши, сите не не тепаа нас политичките затвореници, не тепаа еден или двајца. Наредбодавецот не се гледа, тој е сокриен некаде, зад бината на киното, го прави филмот, за да "има една таква Слобода еден човек да каже, значи нешто се зборува, некој го сее садизмот. Затоа, а тоа е телото кое треба тоа да го спречи, за жал ние немаме ни таква контрола на сите работи во државата зошто не ги имаме тие закони што требаат, секој пратеник по верификацијата на мандатот да даде свечена изјава дека нема кај него никаков реваншизам, тоа е закон. (Дофрлување на некои од пратениците) Те молам, Алексо, не ме мешај. Тоа ми се чини дека треба, нека ми прости министерот за правосудство, барем ова да го прифатите бре луѓе затоа што ние македонците, се извинувам пред другите луѓе па и останатите такви сме ние луѓето од ова поднебје дури имаш глас си почитуван, во другите држави кога ќе му заврши мандатот на еден пратеник тие си го задржуваат (дофрлување на некои од пратениците), нема канцеларија, туку имунитетот го задржува. Значи, и во Грција и во Франција и во Америка секаде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не упаѓајте.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Меѓутоа, замислете, ако постои тој реваншизам кај луѓето што би станале вие пратениците, кои бевте претставници до вчера во овој Парламент. Значи затоа апелирам и слогата и единството на пратениците и донесувањето на законите ќе биде на место и на време.

III/4.-

Имате уште една минута.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Под 7-6 членот кој го предвидувам е сличен многу на членовите кои што ги има дадено господинот Тодор Петров, јас барам, (Галама во салата)нив не ги интересира ни државата, не ги интересира, им е гајле ќе си одат од тука дома, имаат други дејности, имаат други извори и луѓето не ги интересира државата. Луѓе кои не ги интересира државата, да не кажам сега некој потежок збор, ајде нема да го кажам ќе го кажам кога ќе си одам оттука за да го запаматите и тоа, а многу работи ќе спомнете што ги кажав тука.

И да му кажам една работа на печатот да не го заборавам, зашто ќе го заборавам се чини, никогаш од сега натаму заборава печатот работи кои што ги кажав од ова место да ги пишува. Нека го оставиме тоа на нашите деца што растат да размислат што кажа Анастасовски од ова место. Тоа е законот што го кажав. Тоа кажа господ и да запаметите. Во името на господ го зборувам, и знаете што гледам пред мене. Гледам матен поток и крв од страните. Внимавајте на ова што ви зборувам. Внимавајте на она што ви зборувам и не се смејте со народот зашто останавме многу малку и националностите и ние сме една мала држава и не дозволувајте да бидеме толку фанатични во себеси и да држиме таква омраза. Запаметете ги овие зборови.

Е, сега, викам вака, под 7-6, тој пратеник, тој пратеник кој пред изборот за пратеник бил директор на претпријатие обично кај нас тоа е досега навика, јавна установа и носител на јавна функција ова е слично на амандманите на господин Петров, пред Собранието дава писмена изјава дека не бил осудуван. Е, сега зашто не бил осудуван не политички, ако бил политички тоа е за државата, така, бил осудуван, не

III/5.-

бил осудуван за некои криминални и други дејанија против државата. Добро, добро така?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, ама мина времето сега.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

И против него не се води кривична постапка во таа смисла. Зашто Министерството не го прифаќа и министерот за правосудство не знам, да ми одговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Готово вие нема време веќе.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Уште малку, треба да образложам.

Сега велам, пратеник, нормално кој пред изборот се занимавал со приватна или сопствена дејност, фирма ќе даде изјава со каква дејност се занимавал односно да не го читам целото, тоа во Америка се применува повеќе, со какви средства влегува во Парламентот и кога ќе си оди со какви приходи тој оди односно има од Парламентот. Тоа е една работа не знам дали тоа така напишано кај него и дали сопственоста е државна или приватна.

На крајот уште една работа, секој пратеник кој влегол во Собрание ќе даде свечена изјава со имотот кој располага целосно да влегува во Парламентот и по излегуваше од парламентот. Ми се чини дека не се толку страшни господине министер овие работи и ќе треба Министерството за правосудство односно Собранието сега да ги прифати тие работи, а со тоа ќе ми се олесни душата, ќе ми се олесни и мене душата и ќе ми се скратат рокчињата.

Го молам министерот ако сака да ми објасни дали ги прифаќа овие мои членовите 7-а и 7-б.

III/6.-

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање два нови членови 7-а и 7-б поднесен од пратеникот Митко Анастасовски.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1и 2 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не ги прифаќа.

**ТАШКО КИРОВ:**

Пред некоја недела како прва точка од оваа седница ги усвоивме Законот за избор на претседател на државата, па во член 15 од овој закон се вели: "Трошоците за предизборна агитација на кандидат за претседател на Републиката не може да изнесуваат повеќе од илјада просечни плати во Републиката во последните три месеци пред периодот во кој се одржуваат изборите". Значи, илјада плати тоа е за еден кандидат. Ако имаме повеќе кандидати тоа се повеќе илјади плати. Веројатно се предвидува дека трошоците можат да бидат и многу поголеми, па затоа и се ограничуваат на илјада плати. Тоа е една сума за наши услови да речеме за една голема фабрика, претпријатие за едно месечно примање на вработените.

III/7.-

Господине, само за еден момент, вие за кој ваш амандман зборувате, на кој член?

**ТАШКО КРИОВ:**

На член 8.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Член 8 тука се 90 дена, со изборите се 60 дена.

**ТАШКО КИРОВ:**

Да, да точно е тоа. За разлика од овој закон за избор на претседател во законот кој што ни се нуди за избор на пратеници и одборници немаме такви ограничувања но има индиректни показатели кои можат да укажат дали ние се определуваме за избори кои што ќе бидат релативно да кажам раскошни или скапи, или пак помалку раскошни. Еден од тие показатели е денот на одржување на изборите од денот на распишувањето на изборите така да се предлага со законот од денот на распишување на изборите до денот на изборите да не може да помине повеќе од 90 дена ниту помалку од 60 дена. Додека старото решение беше да не е тоа повеќе од два месеца или 60 дена.

Сметам дека ние сме мала држава, релативно да кажам и сиромашна, ваков еден долг период навистина ќе биде предуслов за потрошување на голема количина на предизборни средства. Затоа ништо ново не се предлага со амандманот туку се предлага само старото решение кое што беше донесен од претходниот состав и очигледно дека имале повеќе суд за овие проблеми. Значи се предлага со амандманот место 90 дена да биде 60 дена од денот на распишувањето на изборите до денот на одржувањето на изборите.

Овој амандман е спротивен на членот 63 став 3 од Уставот каде се кажува "избори за пратеници во Собранието се одржуваат во последните 90 дена од мандатот на стариот пратенички состав или во рок од 60 дена од денот на распуштање на Собранието" Без потреба е да ги скратуваме уставните рокови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

IV/1.-ПЈ/ЉЂ

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 1 и на став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ставот 1 не го прифаќаме. Го прифаќаме ставот 3 каде што кажува рокот од 30 дена се намалува на 15 дена.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 63, став 3 од Уставот на РМ е утврдено дека избор за пратеници во Собранието се одржуваат во последните 90 дена од мандатот на стариот пратенички состав, или во рок од 60 ден од денот на распуштањето на Собранието. Меѓутоа, треба да имаме предвид дека категоријата распишување на избори, не е иста со категоријата одржување на избори. Според предлогот на Владата по член 8 за промена на ставот 3 од членот 6 на основниот текст на Законот стои формулација дека "од денот на распишувањето на изборите, до денот на изборите не може да помине повеќе од 90 дена, ниту помалку од 30 дена". На овој начин, Владата се определила, или ја изедначила категоријата распишување на изборите, со категоријата одржување на избори, што не е исто. Со Предлогот на амандманот ,кој што е поднесен предлагам ставот 3 од членот 6 да гласи "Изборите поправило се одржуваат првата недела по истекот од 60-тиот ден од мандатот на стариот состав. Претседателот на Собранието распишува избори не помалку од 120 дена пред истекот на мандатот на претставниците во Собранието." Овој Амандман го предлагам од следните причини. Со предлогот на Владата произлегува дека денот на одржувањето на изборите се одредува со Одлуката, односно Актот за распишување на избори. А од денот на распишувањето на изборите до денот на

одржување  на изборите не може да помине повеќе од 90 дена, ниту помалку од 30 дена. Воедно Владата предлага изборите да мора да завршат најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот на претставниците ена Собранието. Што тоа значи практично? Пред истекот на мандатот изборите мора да завршат најдоцна 30 дена од 90-те дена за одржување на избори и до распишувањето на изборите значи останувааt уште 60 дена. Изборите се одржуваат да сметаме во најмалку два круга без евентуални поништувања на првиот или вториот круг. Тоа се најмалку уште 15 дена Кандидатските листи според предлогот на законот и основниот текст на Законот за избор на пратеници треба да се предадат најдоцна 20 дена пред денот на одржувањето на изборите. Тоа се вкупно 60 дена од 90-те дена, колку што е максимално дозволено распишувањето на изборите остануваат уште 25 дена. Објективно не постои можност, што е во спротивност и со Предлог на Владата изборите да завршат најмалку 30 дена пред денот на истекот на мандатот на пратениците односно на претставниците во Собранието.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Тој амандман ви е прифатен.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тоа значи дека од денот на распишувањето на изборите до денот на одржувањето на изборите може да останат 25 дена , што не влегува во ограничувањето дадено во Владиниот предлог од 30 дена. За изборни активности постои теоретска и објективна можност да не остане ниту еден ден, односно со денот за распишувањето на изборите, објективно излегува дека ќе треба да се поднесат и кандидатските листи, што е невозможно за политички партии, а камоли за право на граѓаните да предлагаат независни кандидати. Од овие причини се предлага да се

распишат избори не помалку од 120 дена за што не посто никакво уставно ограничување пред истекот на мандатот на претставници на Собранијата, а да се одржуваат првата недела по истекот на 60-тиот од мандатот на стариот состав, што е единствена можна варијанта со сите математички варијации кои се направени според предлогот и според она што е утврдено во членот 63, став 3. Од овие причини сметам дека Собранието треба да ја прифати формулацијата на ставот 3 од членот 6 која гласи "Изборите по правило се одржуваат првата недела по истекот од 60-тиот ден на мандатот на стариот состав, претседателот на Собранието распишува избори не помалку од 120 дена пред истекот на мандатот на претставниците во собранијата". На тој начин ќе се овозможи сите изборни активности, субјектите кои го имаат правото да предлагаат и да утврдуваат кандидати да ги искористат

Сметам дека е објективно прифатена забелешката во став 3 бројката 30 да се замени со бројката 15, бидејќи не беше во согласност со членот 63, став 1 од Уставот на Македонија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Пратеникот Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сакам да го замолам претседавачот на седницата да овозможи услови за работење во склад со Уставот и со законите и законите од причина што денес цело време сме присутни околу 45 до 46 пратеници, цело време ги бројам, апелирам до претседавачот да создаде услови за регуларно работење и одлучување. Мола, да се повикаат пратениците, кои меѓувреме излегоа од салата да влезат внатре, за да можеме нормално да работиме. (Седницата продолжи да ја води претседателот Стојан Андов.

IV/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ресторанот имало од сите пратенички групи по некој пратеник и координаторите нека појдат и нека ги доведат пратениците тука Молам, сите овде што седат напразно седат ако тие не ги винете од таму. Да, треба да одите и да ги доведете тука. Сигурно ќе им кажете да дојдат овде.

Пратениците нека си седнат на своите места.

Молам да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Уште еден пратеник не достасува за да ја продолжиме работат (Во меѓувреме дојде уште еден пратеник).

Продолжуваме со работа.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Пред мене претседаваше г-динот Поповски, па не ме упати до крај .

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 8 за менување на став 1 и на став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 8-а поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор?

Министерот Гошев.

IV/5.-

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќаа овој Амандман,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 8-6 подесен од пратениците Стоиле Стојков, Томислав Стефковски и Кирил Ковачевски.

Молам кој бара збор?

Министерот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? Пратеникот Стоиле Стојков

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, овој амандман се однесува за тоа што членот 8 од постојниот закон се менува, односно во стариот член стои вака: "при работа на избирачкиот одбор може да бидат присутни претставници на кандидатите, кои ја следат работата на избирачкиот одбор. Претставниците на кандидатите можат да го предудат претседателот на избирачкиот одбор за недоследностите во работата а доколку тој не го прифати предупредувањето должен е тоа да го забележи во записникот". Ова за мене е една недемократска формулација и затоа ние предложивме текстот на овој член да се мени и -новиот текст да гласи: "При работата на избирачкиот одбор присуствуваат претставници на кандидатите кои ја следат работа на избирачкиот одбор. Претставниците на кандидатите имаат својство на помошници на изборната комисија во променлив состав. Претставниците на кандидатите имаат право да го предупредат претседателот на избирачкиот одбор за недоследностите во работата, а доколку не го прифати предупредувањето така претставниците веднаш ја известуваат

Изборната комисија во променлив состав. Претставниците на кандидатите како помошници на Изборната комисија во променлив состав вршат спроведување на член 52 од овој Закон, кој исто така има една амандманска реакција од наша страна. Оваа формулација што ние ја предлагаме мислам дека е далеку подемократска ,затоа што во постојниот закон, во членот 8 од ставот 2 вели "а доколку тој не го прифати предупредувањето должен е тоа да го забележи во записникот? Во записникот ќе го забележи изборите ќе завршат и се ќе си остане на тоа, односно после тоа ќе има претставки итн. за неправилности во текот на изборите и ќе се доведеме во една состојба, вие бевте сведоци и пред два-три месеци кога имавме избори, во една изборна единица каде што се пролонгира да кажеме и изборот на кандидатот од причини што се поднесуваат приговори итн. За да немаме јаснотии, затоа ние и го предлагаме членот 8 да гласи онака како што го цитирам. Мислам дека ова што го предлагаме е подемократски и дека е во интерес на сите партии, без разлика од која партија сме, се надевам дека сите сакаме демократски да бидат тие избори после тоа резултатите од тие избори, по завршувањето на изборите оној што победил да му честитаме, оној што изгубил исто така, да ги признае изборите дека ги изгубил изборите на демократ- ски начин, а не да имаме приговори итн. Во тоа е суштината и јас не гледам од каде Владата немала слух, односно зошто немала слух и овој амандман како претходниот да го прифати, затоа што во претходниот амандман се зборуваше за тоа припадници на вооружените сили, припадници на Министерството за внатрешни работи и Службата на државна безбедност, односно Агенцијата за разузнавање да не можат да бидат членови на тие избирачки одбори, што е еден добар слух од Владата, Меѓутоа исто така, би требало да се има слух и

за овој Амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Пред да изведеме постапка за гласање, молам да се утврди точен број на присутни пратеници.

57 пратеници се тука.

Молам,повикајте ги пратениците кои беа до пред две минути воде. Како е возможно тоа? Знам дека е врукина и овде е тешко, односно тешко се издржува овде, меѓутоа за сите е еднакво, и за овие што овде седат.

V/1 ЛП/СЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега имаме доволен број пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Петнаесет пратеници гласаа за.

Според тоа констатирам дека Собраниот не го усвои Амандманот за додавање нов член 8-б, поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Томислав Стефковски и Кирил Ковачевски.

Отворам претрес по Амандманот на членот 10 за внесување три нови ставови по ставот 3, поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дванаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на членот 10 за внесување три нови ставови по ставот 3, поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Отворам претрес по Амандманот за внесување нов член 10-а поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

V/2.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Седумнаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за внесуваше нов член 10-а , поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Отворам претрес по Амандманот на член 11 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 12 и член 13 за бришење на точката 8, поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

V/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Седум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 12 и член 13, за бришење на точката 8, поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Отворам претрес по Амандманот за заменување на зборовите "претставници, односно претставникот" со зборовите "пратеници, односно пратеникот" во членовите 14, 16 став 2, 21, во новите членови 32, 33, 33-б, 35, 36 и 68-е , поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Девет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за заменување на зборовите "претставници, односно претставникот" со зборовите "пратеници, односно пратеникот" во членовите 14, 16 став 2, 21, во новите членови 32,33,33-6, 35, 36 и 68-е, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

V/4.-

Отворам претрес по Амандманот на член 16 став 2 , поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Томислав Стефковски и Кирил Ковачевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, Амандманот се однесува на тоа што за право на учество во изборите регистрираните политички партии, кои имаат најмалку 3000, како што се предлага во Предлогот на Владата, ние предлагаме зборот "три" да се замени со зборот "пет" и во заградата исто така 3000 со бројката 5000. По зборовите "за пратеници и одборници" да се стави точка, односно другото што следува да не стои, се до зборовите "кога заедно поднесуваат предлози", заклучно со "петстотини членови" и тие да се бришат исто така, се става точка. Следната реченица да гласи: "При предлагањето на заеднички кандидати две или повеќе политички партии можат да користат , покрај поединечно име на партијата, и заедничко име или само заедничко име", односно само за оваа состојба која е настаната со нивното коалицирање да речеме, да се појават само со едно заедничко име, без да го употребуваат и поединечното име или и заедничкото име. Тоа право не стои, Владата нето предлага. Ние мислевме дека е поцелесообразно при вакви избори да може коалиционите партнери кои заеднички сакаа да учествуваат во изборите да се изберат само за таа прилика едно заедничко име кое ќе важи само за изборите.

V/5.-

Мислам дека и Предлогот за цензусот од 3000 регистрирани членови за да можат да учествуваат на целата територија на Македонската држава е малку и би требало да биде 500 0. Затоа ние предлагаме 5000, односно она за предлагање одборници итн., 500 што се предлага тоа да се брише, односно партиите да учествуваат и за одборници и за пратеници само на државно ниво, така би рекол, односно да немаме појава на локални партии. Со 500 членови, цензусот 500 членови за да се учествува на изборите за одборници, за мене тоа претставува само појава на локални партии да речеме, што е исто така несоодветно при услови на население од 2.300.000 колку што има РМ, односно територијата на која се наоѓаме. Затоа, мислам дека овој цензус ќе биде прифатлив за вас, пред се не знам зошто за Владата не е прифатлив и дека ќе гласаат за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дванаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 16 став 2, поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Томислав Стефковски и Кирил Ковачевски.

Отворам претрес по Амандманот на член 16 став 2 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

V/6.-

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? Единаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 став 2, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по Амандманот на член 16 став 2 и 5, поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Стоиле Стојков го повлекува амандманот. Отворам претрес по Амандманот на член 16 став 3, поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Седум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 став 3, поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Отворам претрес по Амандманот за внесување нов член 16-а поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што тоа прашање е уредено во членот 23 од постојниот Закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Единаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за внесување на нов член 16-а поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

V/8.-

Отворам претрес по Амандманот за внесување нов член 17-а поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што тој регулира интерно партиски прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-ѓа Марковска бара збор.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници , можеби амандманот навистина регулира интерно партиски работи, меѓутоа, за да се стимулира една голема популација застапена во РМ, а тоа се жените, сметам дека треба да најде внимание пред Владата, од проста причина што во еден став од овој амандман меѓу другото се вели дека водат сметка за примарна застапеност на женската популација. Со оглед на тоа што навистина бројот на жените не само во нашиот Парламент , туку и воопшто, веројатно и во голем број земји да речам од социјалистичките земји, да не кажам Источна Европа, навистина е несразмерно мал во однос на вкупната популација, мислам дека амандманот заслужува внимание, и мислам дека Собранието треба го поддржи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Осумнаесет пратеници гласаа за.

V/9.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесуваше нов член 17-а поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 18-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со членот 24 став 4 од Законот за избор на пратеници е утврдено дека прописите за предлагаше на кандидати за претставници, граѓаните ги даваат на пропишаниот образец пред надлежниот орган кој води евиденција на избирачкото право на избирачите од изборната единица. Со амандманот се предлага собирањето на потписите да го организираат самите предлагачи, со тоа што си останува правото на изборната Комисија, од членот 26 по Законот да може да стави забелешка заради евентуални пропусти, што е нормално на ризик на самите предлагачи на кандидати за пратеници, доколку го користат правото на собирање потписи за да истите бидат правилно собрани според бараните податоци на пропишаниот образец,(име, презиме, лична карта, матичен број, адреса, потпис и сл.), на овој начин граѓаните се изедначуваат во правото на предлагање и утврдување на кандидати со политичките партии кои исто така и при регистрирањето и при остварувањето на правото да предлагаат кандидати носат само копии од пристапните изјави до надлежните изборни комисии, а точноста на податоците ја проверува надлежната комисија, односно државната

Изборна комисија. На овој начин нема потреба да се малтретираат граѓаните кои сакаат да го остварат своето право да кандидираат кандидати за пратеници, односно претставници во Собранието на РМ и собранијата на општините. На тој начин нема потреба да се создаваат и гужви или да се носат луѓето пред надлежните органи за водење на избирачките списоци, односно за водење на евиденција на избирачкото право. Со предлогот на амандманот се предлага, на тој начин во членот 24, став 4 , по зборот "образец" да се стави точка, а зборовите до крајот на реченицата да се бришат, така што членот 24 став 4 би гласел: "Потписите за предлагање кандидати за претставници, граѓаните ги даваат на пропишаниот образец".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Шеснаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 18-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот 1 на Владата на член 21, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

VI/1 JJ/ЛБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој бара збор?

Господин Петров бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За кој амандман се работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На амандманот I на Владата на членот 21.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот што е предложен е од редакциска природа и сметам дека на Законодавно правната комисија беше прифатен а тоа е во амандманот I на Владата во уводот, зборот "членот се заменува со зборовите, во членот 21 од Предлогот на закон, членот ..." и си продолжува натаму текстот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Констатирано е од страна на претставникот на Владата дек; тој предлог од редакциска природа е усвоен од ЗКП и е составен дел на текстот на предлогот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за менување на новиот член 32, поднесен од пратениците Томислав Стевковски ,Јордан Бошков и Стојле Стојков.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**СТОЈЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници овој амандман се однесува на новиот член 32 и се работи за тоа дали навистина ќе имаме една демократично на следните избори, односно претставување на политичките партии во

средствата за јавно информирање. Јас ќе ви го прочитам целиот амандман што го предлагаме за да ви стане појасно што со овој амандман бараме да се промени, иако Владата во меѓувреме поднесе нов амандман на исти член, кој што е составен дел на Законот, но исто така не сме задоволни од решението што го нуди Владата. Ние предлагаме: "политичките партии под еднакви услови и рамноправно да ја известуваат јавноста за своите програми и да ги претставуваат кандидатите за претставници, §о исти рубрики, термини и со исто време траење, бесплатно во средствата за јавно информирање што се финансираат преку јавна давачка. Здружението на приватните институции за јавно информирање со свој акт ги одредува условите за претставување на кандидатите за претставници".Тие се како законодавно тело и ние не можеме да им ги определиме условите туку тие со свој акт на ниво на здружение, кое постои би ги одределе условите за претставување на кандидатите за претставници.

Во третиот став предлагаме, независните кандидати под еднакви услови и рамноправно да ја известуваат јавноста за своите програми во локалните средства за јавно информирање.

И во четвртиот став предлагаме, предлагачите од ставовите 1 и 3 од овој член можат да ги претставуваат своите програми и кандидати за претставници на јавни собири предизборна агитација преку плакати и друг печатен материјал и фотографии со порака од кандидатите. Мислам дека овој последен став е нешто сличен со она што Владата го предложи во својот амандман меѓутоа пред се главното е во средствата за јавно информирање што се финансираат преку јавна давачка. Трка е МТВ и Македонското радио, се надевам дека како и во првите избори ќе организираат претставување на кандидатите односно на политичките партии, но пред се мислам дека ова треба да се уреди со овој закон што е предмет на разгледување и без разлика на големината на политичките партии сите да имаат еднакви услови во претставување на своите

политички програми. Тоа е суштината на амандманот, затоа што свесни сме дека многу политички партии немаат финансиски средства, а оние партии кои на некој начин го променија името пред се би рекол за Социјал демократскиот сојуз, го променија името односно се откажаа од наследството на бившата комунистичка партија, но сите сме свесни дека не се откажаа од имотот. Имотот им остана ним. Затоа сега таму има издавање под наем на одредени простории, не само зградата на ЦК туку имаше и друг имот таа бивша КП. Меѓутоа имаме и партии кои што навистина, без разлика на нивната големина немаат свои финансиски средства. Знаеме дека во првите повеќепартиски избори, сите политички партии врз основа на она што го остварија во резултати според бројот на претставниците во ова Собрание, добија само една рака, би рекол од таа одлука на таа бивша Влада на господинот Кљусев за финансирање. За жал во некои партии тие пари не знам каде отидоа, пред се не знам каде отидоа тие пари во мојата парија, да речеме некаде 70.000 марки, а сигурно за тоа генералниот секретар се објасни. Но очигледно е дека повеќето партии немаат финансиски средства. Дали ќе дозволиме, ако ни се усвои овој амандман одредени политички партии да се финансираат од странство без разлика од какв канали. Како може да се финансираат? Дали немаат да бидат плен на странски разузнавачки служби и сл. и од оние што имаат свои интерес во Република Македонија, Пред се, како законодавно тело треба да обезбедиме еднакви услови во претставувањето на кандидатите и политичките програми на партиите преку средствата за јавно информирање, а најповеќе преку оние што се финансираат преку јавна давачка. Тоа е основата на овој амандман и се надевам дека ќе имате слух за демократичност односно за потребата од тоа дека секој оној што има политичка програма треба да биде под еднакви услови претставен пред своите можни гласачи.

VI/4

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор:

Има збор предавникот на Владата Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ако ми дозволите да го прочитам амандманот што го нуди Владата и кој е составен дел на текстот и на господинот Стојков да му забележам по претходната постапка кај што предлага 5.000 или 6.0( да има членови партијата за да може да предлага кандидати, сега се бори за малите политички партии и за демократичност на постапката. Членот 32 ќе гласи: "предизборната агитација почнува на денот на објавувањето на изборите и трае до почетокот на предизборниот молк. За време на предизборната агитација политичките партии и независните кандидати имаат право слободно и под еднакви услови да ги изнесуваат своите мислења и програми, да ги претставуваат своите кандидати за претставници на митинзи, собири, радио и телевизија, во печат, преку плакати и фотографии што не можат да ги надминат димензиите 100 см. со 7 0 см. и на друг соодветен начин. Партиите што предложиле кандидат за претставници и независните кандидати, имаат право на еднакво основно време за претставување на еден од каналите на МЕРВ, чие траење ќе го одреди МРТВ. Партиите што имаат пратеници во Собранието на РМ и независните пратеници, имаат право на дополнително време што ќе биде два пати подолго од основното време". Тука сметам дека сите се еднакви во правото.

**СТОЈЛЕ СТОЈКОВ:**

И амандманот на Владата прави селекција. Да не се залажуваме, меѓутоа вие импутиравте дека претходно сум се залагал за подигање на цензусот од 3 на 5 илјади односно од бришење на цензусот од 500 за избор на одборници. Па во тоа е и суштината. Дали на некого му одговара во РМ да учествуваат да речеме 60 партии во изборите. Окрупнувањето на политичките партии, а јас не верувам дека многу

политички партии се разликуваат во своите програми, но ние не можеме независните кандидати да бидеме искрени, да ги пуштиме да се претставуваат во средствата за јавно информирање кои што имаат мрежа на целата територија на РМ, на пример на МРТВ. Зошто, затоа пи тој како независен кандидат ќе се кандидира во една изборна единица и зошто, тоа е само непотребно оптоварување, а свесни сме дека во секоја општина имаме средства за јавно информирање, дали радио или телевизија. Во тоа е суштината. Исто така кажувам дека ова е селекција но селекција од потреба. Потребата е во тоа што нема потреба еден независен кандидат кој се кандидира во некоја друга изборна единица свети Николе или било каде, неговата политичка програма да ја слуша целата македонска јавност.

И мислам дека првиот став претпоставува, затоа ние велиме бесплатно во средствата за јавно информирање што се финансираат од јавна давачка. Овој прв став ние што го предлагаме, политичките партии под еднакви услови и рамноправноправно да ја известуваат јавноста за своите програми и да ги претставуваат кандидатите за претставници во исти рубрики, термини и со исто време на траење бесплатно во средствата за јавно информирање кои се финансираат преку јавна давачка. Ова претпоставува сигурно некој меѓупартиски договор. Нашиот предлог е, јас така мислам, тоа е мое право подемократичен и создава услови за учество на оние политички партии кои имаат цензус еве сега тој остана 3.000 членови, не го прифативте од 5.000 значи ќе имаме плус 3-4 партии што ќе учествуваат итн. Во тоа е суштината на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Осум пратеници гласаа за. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 за менување на новиот член 32 поднесен од пратениците Томислав Стевковски, Јордан Бошков и Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 21, во новиот член 32 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бара збор господинот Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Господа пратеници морам да кажам дека амандманот има слична содржина како претходниот и гласи:"Средствата за јавно информирање задолжително им посветуваат исто време на партиите кои кандидирале свои претставници во Собранието на РМ врз основа на однапред изготвена програмска шема во договор со политичките партии' Предложената измена што се нуди со овој амандман би допринела сите партии кои ќе учествуваат во изборите да имаат можност сите партии да ги претстават своите платформи. Само во дух на едно демократичност тоа ќе се постигне.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Тринаесет пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21,во новиот член 32 за додавање нов став 2 поднесени од пратеникот Владимир Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 21 на новиот член 33-а поднесен од пратениците Томислав Стевковски и Стоиле Стој ков.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21 по новиот член 33-а поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Осум пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 по новиот член 33-а поднесен од пратеникот Владимир Митевски

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 22-а поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Збор бара господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа мојот предлог на амандман се состои за да се утврди една норма, една сигурност, да се престане со тоа гласачките кутии во иднина да се ставаат во одредена хартија, да се залепи, да се отвораат одозгора и од страна, туку тоа да биде унифицирано и на крај предлогот е од страна на избирачкиот одбор на 15 минути пред набљудувачите да се изврши затворање на гласачките кутии. Тоа е чисто практична работа, за да нема приговори да е пора донесен овој материјал и некој тоа одвечер да го направи, претседателот на избирачкиот одбор. Н езнам зашто Владата се плаши од тоа и ако бидат тие провидни, и да се гледаат, да бидат провидливи кутиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам Владата го прифаќа овој амандман и дајте ве мол да ја забрзаме работата и ако не е така битно зашто предизвикувате овде расправи.

Ве молам повикајте ги сите пратеници да останат во салата и затворете ги вратите зашто постојано се влегува и излегува.

Отворам претрес по амандманот за додавање три нови членот 22-а, 22-6 и 22-в поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа предлогот од амандманот само 22-а, а другите не ги прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

По членот 36 од основниот текст на Законот предлагам да се додадат два нови члена 36-а и 36-б. Истите овозможуваат законско регулирање на дефиницијата во смисла на овој закон за избирачкиот материјал и обврските на избирачките одбори заедно со претставниците на кандидатите да извршат проверка на условите за спроведување на гласањето на избирачките места.

Со предложениот амандман се предлага по членот 36 да се додадат член 36-а кој гласи:"како избирачки материјал во смисла на овој закон се смета потребниот број кутии за гласање, гласачки ка- бини, гласачки ливчиња, извод од избирачкиот список на соодветното избирачко место, образец на записник за работа на избирачко место, образец на записник за работа на избирачкиот добро и други изборни обрасци што ги утврдува државната изборна комисија и печати за секој изборен орган.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (Продолжение)

Гласачките кутии и кабини се изработуваат со исти димензии, форма и материјал. На овој начин се обезбедува избирачкиот материјал со смисла на оваа формулација да биде подготвуван од државната изборна комисија за да не се случува сите избирачки одбори и изборни комисии самостојно, како што мислат и со каков материјал располагаат да подготвуваат избирачки материјал за да се спроведат изборите. Практиката покажува дека на многу гласачки места има дури и гласачки кутии од обични картонски кутии, несоодветно заштитени и обезбедени.

Понатаму, предлагам да се дополни членот 36 со нов член 36-6 кој гласи: "Избирачкиот одбор заедно со претставниците на кандидатите во 6,30 часот на денот на гласањето во просторијата определена за гласање врши проверка на избирачкиот материјал и на условите за спроведување на гласањето. Ги проверува и запечатува гласачките кутии, го проверува бројот на гласачките ливчиња и затекнатата состојба заедно со евентуалните забелешки од претставниците на кандидатите ги внесува во записникот".

На овој начин се обезбедува законско санкционирање на правото претставниците на кандидатите за пратеници и одборници во Парламентот и во општинските собранија да можат заедно со избирачкиот одбор пред отпочнувањето на гласањето во 7,00 часот, како што е утврдено со основниот текст на Законот, да извршат проверка на условите за спроведување на гласањето односно изборите. На тој начин ќе се надмине досегашната нерегулираност на обврската односно на непишаното, некое правило кое некаде се почитува, а повеќе не да на претставниците на кандидатите им се овозможи да извршат проверка на

гласачките кутии пред нивното запечатување заради отстранување на можните манипулации.

Исто така, во членот 37 предлагам да се додаде нов став кој ќе гласи: "Гласачките ливчиња мора да бидат во еднаква големина и во иста боја". Со оваа законска формулација ќе се обезбеди надминување на состојбите кога имаме мал број на гласачки ливчиња а повеќе гласачи од предвиденот, утврден број запишани на избирачките списоци да се врши допечатување или умножување на гласачки ливчиња на обични машини за умножување, гештетнери.

Обврска треба да биде на државната изборна комисија и на соодветните изборни комисии на изборните единици да обезбедат доволен број на гласачки ливчиња, истите да бидат во иста големина и во иста боја за да се одбегне исто така, можноста за манипулирање при утврдувањето на резултатите. Затоа сметам дека постојат објективни услови, претпоставки заради нормално регуларно одвивање на изборите да се прифатат овие два амандмана.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници)

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање два нови члена, 22-б и 22-в поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 22-б поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници)

16 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесување нов член 22-б поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 24-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор?

Г-динот Петров бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 40 став 2 од основниот текст на Законот за избор на пратеници е утврдено дека гласачко ливче се потполнува така што се заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој се гласа. Во членот 41 од основниот текст на Законот за избор пратеници се вели:

"Гласачкото ливче на кое е заокружен редниот број пред имиња на повеќе кандидати отколку што треба да се изберат претставници, гласачкото ливче на кое се внесени и заокружени нови имиња, непотполнето гласачко ливче, како и гласачкото ливче што потполнето, така што не може со сигурност да се утврди закон кандидати избирачот гласал се смета за неважечко". Меѓутоа, често пати во праксата се случува при пребројувањето на гласовите да има гласачки ливчиња за кои со сигурност не може да се констатира дали ќе се земе во предвид како важечко или не. И, што се случува на теренот? Избирачките комисии самоиницијативно, според сопствено убедување утврдуваат кои гласачки ливчиња ќе ги земат за неважечки, а кои за важечки. Често пати и еден глас при изборите може да одлучи теоретски за тоа кој кандидат ќе биде и ќе се смета за избран.

Затоа предлагам, за да се анулира можноста државната изборна комисија или изборните комисии на изборните единици самоиницијативно и според сопствено убедување да утврдуваат во кои случаи ќе се сметаат за важечки оние гласачки ливчиња за кои со сигурност не може да се утврди дали се важечки или не, предлагам во членот 41 од основниот текст на предлогот на законот да се додаде нов став 2 кој ќе гласи: "За важечко се смета и пополнувањето на гласачкото ливче ако со редниот број пред кандидатот е заокружено и името, или само името на кандидатот, или и името на политичката партија на кандидатот. И, ако се заокружени одеднаш редните броеви, или и имињата на кандидатите, но не повеќе отколку што треба да се изберат претставници во Собранието". На тој начин се обезбедува регуларност при утврдувањата на резултатите од гласањето за оние гласачки ливчиња за кои со сигурност не може да се утврди дали се во согласност

со законот или не, односно не се потполнети на начинот како што тоа е децидно утврдено во членот 40, само со заокружување на редниот број пред кандидатот кој е ставен на кандидатската листа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор. Не бара. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (11 пратеници)

11 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 24-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 25 поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Г-динот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, со овој амандман предлагаме една мала интервенција во членот 25 кој се однесува на член 42 од постојниот

закон, односно по зборовите "избирачкиот одбор" се додаваат нови зборови "во консултација со изборната комисија во променлив состав". Понатаму, реченицата продолжува. Тоа е една мала интервенција затоа што се вели во предлогот од Владата "кога на избирачкото место ќе се наруши редот избирачкиот одбор, тука ние додаваме, во консултација со изборната комисија во променлив состав може да го прекинат гласањето додека не се воспостави редот". Да се остави таа можност и изборната комисија во променлив состав одлучи односно во таа комисија со променлив состав членуваат членови од партиите што учествуваат на избори. Суштината е тие самите да одлучат дали да се прекине гласањето или да не се прекине гласањето. Односно дали- тоа нарушување на редот е во толкав обем што не може да продолжи понатаму гласањето.

Ова е само една мала интервенција и ме чуди зошто Владата не ја прифаќа, затоа што е една демократска солуција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор. Не бара.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака. (6 пратеници)

6 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стој ков.

VII/7

Отворам претрес по амандманот на член 27 поднесен од пратениците Петар Гошев, Михаил Пановски, Ристо Јованов, Ѓулестана Марковска, Ефтим Манев и Билјана Лазаревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор.

Г-динот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, амандманот се предлага со цел да се овозможат што пообјективни услови за чесно одвивање на изборите и да се смалат можностите за манипулација од било чија страна за време на изборите. Дополнителните избори тоа го покажаа дека избирачките списоци се една од главните можности за манипулација за време на изборите и јас само би го прочитал амандманот кој што се предлага, а за кој што претставници од коалицијата на македонската телевизија, тоа беше г-динот Панче Минов од ЛП јавно кажа дека за нив е прифатлив овој амандман и дека се спремни независно од тоа што опозицијата ги нуди овие амандмани, да ги прифатат. Јас таа заложба на г-динот Панче Минов ја поздравив јавно и сметам дека со должен респект треба да се приоѓа кон сите предлози што доаѓаат од страна на пратениците од опозицијата. Затоа ве повикувам да гласате за овој амандман. Со него се овозможува само

една можност да се намалат манипулациите можни за време на изборите, бидејќи чесни избори се потребни како на опозицијата, така и на власта во моментов од причина што нашата држава будно ќе биде следена од страна на Европскиот совет, како што видовме пред некој ден во Охрид. Нас ни се потребни избори кои што ќе ги признае и поразениот. Затоа предлагам овој амандман предложен од 6 пратеници од опозицијата да го прифатите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор. Не бара.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака. (17 пратеници)

17 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот поднесен од пратениците Петар Гошев, Михаил Пановски, Ристо Јованов, Гулистана Марковска, Ефтим Манев и Билјана Лазаревска.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 2 поднесен од пратениците Мухамед Халили, Насер Зибери, Ештреф Алиу и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (13 пратеници)

13 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27 став 2 поднесен од пратениците Мухамед Халили, Насер Зибери, Ештреф Алиу и Исмет Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 2 поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор.

Збор бара Авди Муртезани.

VIII/1.- ДВ/ОМ

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Смешна е постапката на Владата изразена преку министерот за правосудство кога фактички Законот за лична карта е на снага. Нов закон за лична карта не сме донеле и фактички овде се предлага да важат како документи за идентификација личните исправи односно личните карти извадени после 1.04.1993 година и патните исправи издадени од страна на надлежните служби односно Министерството за внатрешни работи т.е. подрачните единици, по Законот за патни исправи на Република Македонија.

Во тој дел Законот за патни исправи и патните исправи од бившата СФРЈ уште се во сила до 10.10.1994 година.

Имајќи ја предвид работата , ангажирањето на МВР и нивниот успех околу решавањето на проблемите на граѓаните, посебно во западниот дел на Републиката, а и во Скопје, сметам дека ваквиот амандман односно ваквиот предлог е неумесен, а сметам дека и неморален. Што ќе правиме со граѓаните на РМ кои имаат право, бидејќи во сила се личните карти кои ги поседуваат и патните исправи исто така. Дали да ги изложиме на материјални трошоци при ваква економска криза за што во дел и ние сме одговорни. Дали органот ќе треба да ги задоволи граѓаните со документација дека тие се граѓани односно државјани на РМ, или пак граѓаните да губат и денови и месеци, чекајќи и малтретирајќи се пред органот за внатрешни органи, кога органот објективно не може да ги задоволи потребите на граѓаните. Фактички сметам дека овој амандман треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27 став 2 поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 2 поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Томислав Стефковски и Кирил Ковачевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници. Амандманот е поднесен во функција на додавање на зборовите: "избирачка книшка" во ставот 2 од членот 27 со кој се менува членот 44 од постојниот закон од едноставна причина што во процедура на ова Собрание од месец октомври 1993 година се наоѓа еден закон , Предлог за донесување на закон за избирачка книшка со Предлог на закон, поднесен од тројца пратеници: Тодор Петров, Евтим Манев и Томислав Стојановски. Јас не знам зошто се немаше слух овој закон) да биде поставен на дневен ред во ова Собрание, но тоа е прашање пред се за коалицијата која го има мнозинството пратеници во ова Собрание.

Амандманот поднесен од наша страна коинцидира со она што се нарекува демократско учество на изборите на државјаните на односната држава, во овој случај на македонската држава, за тоа што вака како што

е даден членот 27 со кој се менува членот 44 , се уште постои можност од манипулации. Во што се состои таа манипулација?

Без разлика што се предвидува идентификацијата да се врши со лична карта издадена по 1.о4.1993 година или со уверение или решение за државјанство, се уште постои можност еден гласач кој ги поседува сите овие документи да гласа, да речеме на 10 или 15 места. Се уште постои таква можност од манипулација. Нормално тоа во една процедура би се открило, но резултатите од гласањето во некои изборни единици може да влијаат, ако се направат овие манипулации. Затоа ние со овој амандман предлагаме единствено идентификацијата да се врши врз основа на избирачка книшка. Во таа избирачка книшка, како што е предвидено со овој предлог за донесување на закон од пред малку именуваните пратеници, кога ќе гласа гласачот ќе му се заведе , дали со датум или со некој знак , без разлика ќе му се завери дека гласал. Вие бевте свесни дека сега во Јужно Африканската Република имаше избори, па таму луѓето повеќето се неписмени , но на некој начин ги обележуваа дека гласале за да не можат по пет пати да гласаат.

Ние сега , без разлика што , велам, е подобар овој член односно изменетиот член 44, решението е подобро од она претходното, но се уште остава простор за манипулација. Ние бевме свесни дека на првите повеќе партиски избори таква манипулација масовно се применуваше од страна на оние кои гласаа за партиите ПДП-НДП, со масовно доаѓање со авионски летови и т.н. Имаше една масовна навала на избирачките места . Во едни такви услови, ако имаме прилика повторно на тој начин да се создаде една психоза кај гласачкото тело, пред се на албанското малцинство, исто така постои шанса на овој начин да се манипулира односно изборите да се доведат во една нерегуларна состојба и да

имаме повторно надмудрувања дали биле демократски или не биле демократски. Се надевам најповеќе од Социјалистичката партија ќе го прифатат овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека Собранието треба да го прифати предложениот амандман со кои како јавна исправа за остварување на избирачкото право за наредните парламентарни избори ќе се доведе избирачката книшка.

Мене лично не ми е познато од кои причини претседателот на Собранието предложениот текст на закон за избирачка книшка поднесен уште на 7 декември 1993 година не го стави на оваа 74, 75 седница, иако по Деловникот имаше таква обврска. Меѓутоа, лично сметам, бидејќи Владата зема обврска, а и има обврска да го предложи, независно од текот и исходот на оваа 74 седница во собраниска процедура Предлогот донесување на закон со Предлог на закон за избирачките списоци, постои објективно и простор и време претседателот на Собранието да го стави и тој закон, Предлог за донесување на закон за избирачка книшка со Предлог на закон на таа наредна 76 седница, која ова Собрание независни од исходот на оваа 74 седница мора да ја одржи и да го донесе овој законски проект. На тој начин се обезбедува еден правен инструмент избирачка книшка како јавна исправа со која ќе се докажува избирачкото право на граѓанинот на РМ, имајќи предвид дека тој ќе може да има само една избирачка книшка и истата ќе се употребува при утврдувањето на неговиот идентитет на избирачките места. Во предложениот закон дадена е една таква можност, пропишана е постапката за издавање на избирачка книшка, остварувањето на

избирачкото право на граѓанинот со избирачка книшка и соодветни санкциони казнени одредби . Постои објективен временски период кој може да обезбеди време и средства нашата администрација и Владата на РМ да обезбедат за периодот до одржувањето на наредните избори сите граѓани за да го остварат избирачкото право според избирачките списоци кои мора да бидат јавно истакнати, барем како што кажаа од Владата три месеци пред денот на одржувањето на изборите граѓаните во една нормална постапка да добијат соодветна јавна исправа, избирачка книшка врз основа на која ќе го докажат идентитетот за остварувањето на избирачкото право на гласачките места. Затоа сметам дека предложениот амандман во композиција со разгледувањето на законот за избирачки списоци и за избирачка книшка има смисла и ова Собрание треба да го усвои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27 став 2 поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Томислав Стефковски и Кирил Ковачевски.

Ве молам, веројатно е време денес да прекинеме со седницата Меѓутоа сакам само да Ви кажам, имаме уште 25 амандмани, а денес сме поминале 34.

Сега, сигурно вака како што оди работата, ако не излезе нешто друго утре треба да се гласа за законот,јас Ве молам,ова е на разликите

што постојат во сите пратеници да бидат присутни да се заврши законот).

Не можеме сега да завршиме затоа што сме присутни овде 61 пратеник, еден пратеник ако излезе јас овде треба да седам и постојано да молам да се обезбеди кворум. Ве молам и не треба да го завршиме односно да го изгласаме законот со 61 глас. Овој закон е од друг карактер. Станува збор за доследно продолжување на демократските процеси во Македонија. Ова е исклучително важен закон. Затоа ги молам сите пратеници да дојдат утре на седница.

Продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот)